# ПРАВОСЛАВИЕТО И РЕЛИГИЈАТА НА ИДНИНАТА

*о. Серафим Роуз*



ikona

Наслов на оригиналот:
ORTHODOXY and The Religion of the Future
by Hieromonk Seraphim Rose

Превод од англиски: Сашо Кузмановски
Уредник: Наташа Данчевска
Лектор: Вера Тодоровиќ
Корица и подготовка за печат: Сашо Кузмановски
Печат: Студентски сервис, 1000 Скопје
Издавач: Икона, бул. Партизански одреди – бр. 9, Скопје
Тираж: 500
www.ikona.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

29:271.2(049.3)
22/24(049.3)

РОУЗ, Серафим, јеромонах
Православието и религијата на иднината / Јеромонах Серафим Роуз ; [превод од англиски Сашо Кузмановски]. - Скопје : Икона, 2026. - 198 стр. ; 20 см

Превод на делото: Orthodoxy and the religion of the future / Hieromonk Seraphim Rose

ISBN 978-608-286-003-9

а) Источни религии -- Есеи б) Современи религиски движења -- Православни аспекти -- Есеи
COBISS.MK-ID 69311493

# СОДРЖИНА

СОДРЖИНА ........................................................................3
Предговор...........................................................................7
ВОВЕД...............................................................................11
1. „Дијалогот со нехристијанските религии“ ..........11
2. „Христијански“ и нехристијански екуменизам...16
3. „Новото доба на Светиот Дух“ ............................19
4. Сегашната книга...................................................21
I. „Монотеистичките“ религии.
*дали го имаме истиот бог како нехристијаните?* ..................23

II. Моќта на паганските богови:
*нападот на хиндуизмот врз христијанството* .......................29
1. Привлечностите на хиндуизмот..........................29
2. Војна на догмите ..................................................34
3. Хиндуистички места и практики .........................36
4. Евангелизирање на Западот ................................42
5. Целта на хиндуизмот: Универзалната религија ..46
III. Чудото на еден факир и Исусовата молитва.......................50

IV. Источната медитација навлегува во христијанството........55
1. „Христијанска јога“...............................................57
2. „Христијански зен“ ...............................................60
3. Трансцедентална медитација ...............................63

V. „Новата религиска свест“
*Духот на источните култови во 1970-тите* ...........................69
1. Харе Кришна во Сан Франциско .........................70
2. Гуру Махараџ-џи во Хјустонскиот Астродом.....72
3. Тантричка јога во планините на Ново Мексико..75
4. Зен-обука во Северна Калифорнија.....................78
5. Новата „духовност“ наспроти христијанството..82

VI. „Знаци од небото“

*Православно христијанско разбирање на неидентификуваните летачки објекти (нло)* ....................85
1. Духот на научната фантастика ....................86
2. Забележувања на НЛО и научното истражување на нив ....................91
3. Шесте видови средби со НЛО ....................98
4. Објаснување на НЛО-феномените ....................109
5. Значењето на НЛО ....................118

VII. „Харизматската преродба“ ....................124
*како знак на времињата* ....................124
1. Пентекосталното движење на 20 век ....................125
2. „Екуменскиот“ дух на „харизматската преродба“ ....................128
3. „Зборувањето на јазици“ ....................132
4. „Христијански“ медиумизам ....................135
5. Духовна измама ....................148
А. Однос кон „духовните“ искуства ....................150
Б. Телесни пропратни појави на „харизматското“ искуство ....................155
В. „Духовни дарови“ што го придружуваат „харизматското“ искуство ....................161
Г. Новото „излевање на Светиот Дух“ ....................165

VIII. Заклучок: Духот на последните времиња ....................169
1. „ХАРИЗМАТСКАТА ПРЕРОДБА“ КАКО ЗНАК НА ВРЕМИЊАТА ....................169
А. „ПЕДЕСЕТНИЦА БЕЗ ХРИСТОС“ ....................169
Б. „Новото христијанство“ ....................172
В. „Исус доаѓа наскоро“ ....................174
Г. Дали Православието мора да ѝ се придружи на апостасијата? ....................177
Д. „Чеда, последно време е“ (1 Јов. 2,18) ....................181
2. РЕЛИГИЈАТА НА ИДНИНАТА ....................184
Епилог *Џонстаун и 1980-тите* ....................190

*ТЕСНИ СЕ ВРАТИТЕ и тесен е патот што водат кон животот, и малцина го наоѓаат. Пазете се од лажните пророци, кои доаѓаат во овча кожа, а однатре се волци грабливи. По нивните плодови ќе ги познаете... Не секој што Ми вели: „Господи, Господи“, ќе влезе во царството небесно, а оној што ја исполнува волјата на Мојот Отец небесен. Мнозина ќе ми речат во оној ден: „Господи, Господи, не во Твое ли име пророкувавме? И зар во Твое име бесови не изгонувавме? И не во Твое ли име многу чуда правевме?“ И тогаш Јас ќе им кажам: „Никогаш не сум ве познавал; бегајте од Мене вие што правите незаконски дела!“ И така, секој, што ги слуша и исполнува овие Мои зборови, ќе биде како благоразумен маж, кој си направил куќа на камен.*

*Мат. 7:14–16, 21–24*

# Предговор

Секоја ерес има своја сопствена „духовност“, свој карактеристичен пристап кон практичниот религиозен живот. Така, римокатолицизмот, сè до неодамна, имаше јасно препознатлива побожност, поврзана со „светото срце“, папството, чистилиштето и индулгенциите, откровенијата на разни „мистици“ и слично; и еден внимателен православен набљудувач можеше да ги забележи во таквите аспекти на современата латинска духовност практичните последици од богословските заблуди на Рим. И фундаменталистичкиот протестантизам има свој пристап кон молитвата, свои типични химни, свој начин на духовно „оживување“; и во сето тоа може да се забележи примената во религиозниот живот на неговите основни заблуди во христијанското учење. Оваа книга е посветена на „духовноста“ на екуменизмот – главната ерес на XX век.

До неодамна изгледаше дека екуменизмот е нешто толку вештачко, толку синкретистичко, што нема сопствена духовност; „литургиската“ агенда на екуменските собири, и големи и мали, се чинеше дека не е ништо повеќе од разубавена протестантска неделна служба.

Но самата природа на екуменистичката ерес – верувањето дека не постои една видлива Христова Црква, туку дека таа дури сега се оформува – е таква што ја предиспонира душата под нејзино влијание кон одредени духовни ставови кои, со текот на времето, треба да произведат типична екуменистичка „побожност“ и „духовност“. Во нашите дни тоа конечно почнува да се случува, бидејќи екуменистичкиот став на религиозно „очекување“ и „барање“ започнува да биде наградуван со дејствувањето на еден одреден „дух“ кој им дава религиозно задоволство на бесплодните души на екуменистичката пустелија и резултира со карактеристична „побожност“ која веќе не е само протестантска по тон.

Оваа книга беше започната во 1971 година со испитување на најновата „екуменска“ мода – отворањето „дијалог со

нехристијанските религии“. Четири поглавја на оваа тема беа објавени во *The Orthodox Word* во 1971 и 1972 година, известувајќи главно за настаните од крајот на 1960-тите до почетокот на 1972 година. Последното од тие поглавја беше детална расправа за „харизматската преродба“, кое токму тогаш го прифатија неколку православни свештеници во Америка; ова движење беше опишано како форма на „екуменистичка духовност“ која вклучува религиозни искуства што се јасно нехристијански.

Особено ова последно поглавје предизвика голем интерес меѓу православните луѓе и помогна да се убедат некои да не учествуваат во „харизматското“ движење. Други, кои веќе учествувале на „харизматски“ собири, го напуштиле движењето и ги потврдија многу од заклучоците на оваа статија за него. Оттогаш „харизматската преродба“ во „православните“ парохии во Америка, судејќи според периодиката *The Logos* на о. Евсевиј Стефану, целосно го усвои јазикот и техниките на протестантскиот ревивализам, и неговиот неправославен карактер стана јасен за секој сериозен набљудувач. И покрај протестантскиот менталитет на неговите промотори, „харизматската преродба“, како „духовно“ движење, е дефинитивно нешто повеќе од протестантизам. Неговата карактеризација во оваа статија како еден вид „христијански“ медиумизам – која беше потврдена од бројни набљудувачи – го поврзува со новата „екуменистичка духовност“, од која се раѓа една нова, нехристијанска религија.

Во летото 1974 година, еден од американските манастири на Руската Православна Црква надвор од Русија беше посетен од млад човек кого „духот“ што постојано го придружувал го упатил кај еден од монасите. За време на неговата кратка посета се разоткри приказната на овој млад човек. Тој потекнувал од конзервативна протестантска средина, која ја доживувал како духовно бесплодна, а кон „духовни“ искуства бил отворен преку својата пентекостална баба: во моментот кога ја допрел Библијата што таа му ја подарила, тој примил „духовни дарови“ – највпечатливо било тоа што бил придружуван од невидлив „дух“ кој му давал прецизни упатства каде да оди пеш и каде да вози; а исто така бил способен по своја волја да хипнотизира други и да предизвикува нивна левитација (способност која

шеговито ја користел за да ги заплашува своите атеистички познаници). Повремено се сомневал дали неговите „дарови“ се од Бога, но тие сомнежи биле надминувани кога размислувал за фактот дека неговата духовна „бесплодност“ исчезнала, дека неговото „духовно препородување“ било предизвикано од допирот со Библијата и дека, како што му се чинело, водел многу богат живот на молитва и „духовност“. Откако се запознал со Православието во овој манастир, и особено откако ја прочитал статијата за „харизматската преродба“, тој признал дека токму тука го нашол првото темелно и јасно објаснување на своите „духовни“ искуства; најверојатно, признал тој, неговиот „дух“ бил зол. Сепак, се чинело дека ова сознание не го допрело неговото срце, и тој заминал без да се обрати во Православие. При својата следна посета, две години подоцна, овој човек открил дека се откажал од „харизматските“ активности како премногу застрашувачки и дека сега е духовно задоволен практикувајќи зен-медитација.

Оваа блиска поврзаност меѓу „христијанските“ и „источните“ духовни искуства е типична за „екуменистичката“ духовност на нашето време. За ова второ издание е додадено многу во врска со источните религиозни култови и нивното влијание денес, како и во врска со еден значаен „секуларен“ феномен кој помага да се обликува „нова религиозна свест“ дури и меѓу нерелигиозните луѓе. Ниту една од овие појави, сама по себе, можеби нема пресудно значење во духовниот состав на современиот човек; но секое од нив, на свој начин, го отсликува стремежот на луѓето денес да пронајдат нов духовен пат, различен од христијанството на вчерашниот ден, а збирот од сите нив заедно открива застрашувачка единственост на стремежот, чијашто конечна цел токму сега се појавува над хоризонтот.

Набргу по објавувањето на статијата за „харизматската преродба“, *The Orthodox Word* прими писмо од еден почитуван руски православен црковен писател, добро упатен во православната богословска и духовна литература, во кое стоеше: „Она што го опишувате овде е религијата на иднината, религијата на Антихристот.“ Сѐ повеќе, како што оваа и сличните форми на лажна духовност се вкоренуваат дури и кај

номиналните православни христијани, човек се тресе кога ја гледа измамата во која можат да паднат духовно неподготвените христијани. Оваа книга е предупредување за нив и за сите што се обидуваат да живеат свесен православен христијански живот во свет опседнат од нечисти духови. Таа не претставува исцрпно разгледување на оваа религија, која сè уште не ја достигнала својата конечна форма, туку повеќе преставува прелиминарно истражување на оние духовни тенденции што, како што навистина се чини, го подготвуваат патот за една вистинска религија на антихристијанството – религија надворешно „христијанска“, но насочена кон едно паганско искуство на „иницијација“.

Нека овој опис на сè поочигледната и сè подрска дејност на сатаната, кнезот на темнината, меѓу „христијаните“, разбуди кај вистинските православни христијани со страв да не ја загубат Божјата благодат и нека ги врати кон чистите извори на христијанскиот живот: Светото Писмо и духовното учење на Светите Отци на Православието!

# ВОВЕД

## 1. „Дијалогот со нехристијанските религии“

Нашето време е духовно неврамнотежено време, во кое многу православни христијани се наоѓаат како разнишувани и носени наваму-натаму од *секој ветар на лажни учења, по лукавство на луѓето и по итрото искуство на измамата* (Еф. 4,14). Навистина, се чини дека дошло време кога луѓето *нема да го слушаат здравото учење, но водени по своите похоти, ќе си изберат учители да им го залажат слухот; тие ќе го одвратат слухот свој од вистината и ќе се обрнат кон бајки.* (II Тим. 4,3–4)

Со збунетост читаме за најновите дејствија и изјави на екуменското движење. На највисоко академско ниво, православни богослови што ја претставуваат Американската постојана конференција на православните епископи и други официјални православни тела водат учени „дијалози“ со римокатолици и протестанти и издаваат „заеднички изјави“ за теми како што се Евхаристијата, духовноста и слично – без дури и да ги информираат инославните дека Православната Црква е Христовата Црква во која сите се повикани, дека само нејзините Свети Тајни се благодатни, дека православната духовност може да се разбере само од оние што ја познаваат по искуство внатре во Православната Црква, и дека сите овие „дијалози“ и „заеднички изјави“ претставуваат академска карикатура на вистинскиот христијански разговор – разговор чија цел е спасението на душите. Навистина, многу од православните учесници во овие „дијалози“ знаат или барем се сомневаат дека ова не е место за православно сведоштво, дека самата атмосфера на екуменски „либерализам“ ја поништува секоја вистина што би можела да се изговори во неа; но тие молчат, зашто „духот на времето“ денес често е посилен од гласот на православната совест. (Види

*Diakonia*, 1970, бр. 1, стр. 72; *St. Vladimir's Theological Quarterly*, 1969, бр. 4, стр. 225; итн.)

На попопуларно ниво се организираат екуменски „конференции“ и „дискусии“, често со „православен говорник“, па дури и со служење на „православна Литургија“. Пристапот кон овие „конференции“ често е толку дилетантски, а општиот став на нив е толку лишен од сериозност, што наместо да го унапредат „единството“ што го посакуваат нивните промотори, тие всушност служат како доказ за постоењето на непремостлива бездна меѓу вистинското Православие и „екуменистичкиот“ поглед на светот.

На практично ниво, екуменските активисти ја користат предноста што интелектуалците и богословите се неодлучни и невкоренети во православната традиција, и ги употребуваат токму нивните зборови за „фундаментално согласување“ во светотаинските и догматските прашања како изговор за бомбастични екуменски дејствија, не исклучувајќи го ни давањето Света Причест на еретици. А оваа состојба на забуна, пак, им дава можност на екуменските идеолози на најпопуларно ниво да издаваат празни изјави што ги сведуваат основните богословски прашања на ниво на евтина комедија, како кога патријархот Атинагора си дозволува да каже: „Дали твојата сопруга некогаш те прашува колку сол треба да стави во јадењето? Секако дека не. Таа ја има непогрешливоста. Нека ја има и папата, ако сака“ (*Hellenic Chronicle*, 9 април 1970).

Информираниот и свесен православен христијанин со право може да праша: каде ќе заврши сето ова? Зар нема граница за предавството, обезличувањето, самоуништувањето на Православието?

Сè уште не е доволно внимателно согледано каде води сето ова, но логички патот е јасен. Идеологијата што стои зад екуменизмот и ги инспирира ваквите екуменистички дејствија и изјави како погорните, е веќе добро дефинирана ерес: Христовата Црква не постои, никој не ја поседува Вистината и Црквата дури сега се гради. Но потребно е само малку размислување за да се види дека самоуништувањето на Православието, на Христовата Црква, истовремено е и самоуништување на самото